Оглас  за поддршка на проекти од културата и издавачката дејност

На седницата одржана на 27.5.2019  година,  ИО на СЗПМ донесе одлука за поддршка на проекти од културата и издавачка дејност на здруженија, членки на СЗПМ.

- На огласот можат да се јават поединци, групи и здруженија.
- Вид на проекти: концерти, театарски претстави, изложби, издавање на книги и монографии и друго. Пријавите се земаат во СЗПМ и истите треба да бидат потпишани од овластено лице на здружението.
- Може да се конкурира само за еден проект,  а приоритет ќе имаат автори и здруженија кои не добиле досега сретства од Сојузот и дела и проекти со содржина поврзана со третата доба
- Материјалите за Проектите треба да бидат доставени во архивата на СЗПМ или по пошта на адреса:

  **Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија**
  **Булевар „Кочо Рацин“ бр 14 , 1000 Скопје, П. Фах 440**
  **"За огласот за поддршка на проекти од културата и издавачка дејност за 2019 година на СЗПМ“.**

- Нема да бидат разгледувани пријави: доставени по истекот на рокот наОгласот, нецелосно пополнети и некомплетни пријави без приложена документација која задолжително се бара во пријавата. Материјалите доставени на Огласот не се враќаат.

**Огласот трае од 1 јуни до 15 јуни 2019 година, а резултатите ќе бидат објавени во весникот "Пензионер плус” и на веб страницата на СЗПМ.**

**<u>ПРИЈАВА ЗА ПОДДРШКА  МОЖЕ ДА СЕ ПОДИГНЕ ВО АРХИВАТА НА СЗПМ ИЛИ ДА СЕ СИМНЕ ОД ВЕБ СТРАНИЦАТА НА СЗПМ</u>**

**СЗПМ**